Врз основа на член 39 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр. 5/2002 год.) и член 33 од Деловникот на Советот на Општина Свети Николе (“Службен гласник на Општина Свети Николе” бр. 2/06) , Претседателката на Советот на Општина Свети Николе на ден 23.02. 2024 година донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за свикување на четириесет и третата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе**

Четириесет и третата редовна седница на Советот на Општина Свети Николе ќе се одржи на ден **29.02. 2024 година (четврток) со почеток во 14:00 часот** во салата за седници на Совет на Општина Свети Николе.

За седницата го предлагам следниот

**Д н е в е н р е д**

Усвојување на Записник од четириесет и втората редовна седница на Советот на Општина Свети Николе одржана на ден 30. 01. 2024 година;

**Точка 1**
Предлог - Решение за разрешување на член во Управен Одбор од редот на вработените во ОУ Народен Музеј Свети Николе;

**Точка 2**
Предлог - Решение за именување на член во Управен Одбор од редот на вработените во ОУ Народен Музеј Свети Николе;

**Точка 3**
Предлог – Одлука за проширување на средствата на Буџетот на Општина Свети Николе за 2024 година;

**Точка 4**
Предлог – Одлука за донесување на Социјален план на Општина Свети Николе 2024-2027 година;

**Точка 5**
Предлог – Одлука за дополнување на Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини во Општина Свети Николе за период од 2023 – 2027 година;

**Точка 6**
Предлог - Одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на плата на давателите на јавни услуги и директорот на ЈОУДГ ,,Рахилка Гонева “Свети Николе за 2024 година;

**Точка 7**

Предлог – Одлука за давање согласност на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/2024 на ООУ „Свти Кирил и Методиј„ Свети Николе;

**Точка 8**

Предлог – Одлука за давање согласност на Програмата за екскурзии, излети и други вонучилишни активности на учениците за учебната 2023/2024 на ООУ „Гоце Делчев„ Свети Николе;

**Точка 9**

Стратегија за Локален екомомски развој на Општина Свети Николе;

**Точка 10**

Наративен и финанасиски извештај за 2023 година на ОУ Народен Музеј Свети Николе;

**Точка 11**

Извештај за извршениот годишен попис во Општина Свети Николе на основни средства и ситен инвентар, попис во Детско одмаралиште Стар Дојран и попис на побарувањата и обврски, парични средства и хартии од вредност со состојба на 31.12. 2023 година;

**Точка 12**

Барање финансиска помош за издавање на книга од лицето Н.Ј.

**Точка 13**

Барање финансиска помош од лицето Ј.И.

**Бр.0801- 687**
**23.02. 2024 година**
**Свети Николе**

**Совет на Општина Свети Николе**
**Претседател,**
**Валерија Ивановска**
________________________